TITAN
CEMENTARNICA USJE

***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Инженер во смена во Погон за производство**
Инженерот во смена ќе биде задолжен за организација, координација и контрола на технолошкиот процес во три смени со цел континуирано и непречено одвивање на процесот на производство и максимална ефикасност на постоечките капацитети. Се грижи за целокупниот процес и операциите во сите сегменти, како и за исправноста на постројките и навремено отстранување на евентуални застои и дефекти, со цел да се обезбеди производство на цемент со соодветен квалитет и високо ниво на безбедност при работа. Воедно, ги организира вработените во секоја смена, обезбедува тимска работа во текот на смената и пренесува информации за успешно работење и на другите смени. Работното време се одвива во 3 смени.
Нето платата за работното место со сменско работење изнесува од 58.000 до 66.000 денари.
Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување и други бенефиции, како бонус за успешно работење.

**Потребни квалификации:**
- Технички факултет, ВСС/VII степен - 240 кредити (Технолошки, Машински, Електротехнчки факултет)
- Работно искуство од минимум 2 години во индустрија
- Одлично познавање на MS Office, MS project

**Конкурентски предности:**
- Високо ниво на деловна комуникација (усна и писмена)
- Познавање на англискиот јазик
- Високо ниво на интегритет и доверливост
- Агилност и желба за работа во средина со високи барања
- Одлични аналитички способности и решавање проблеми
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Тимска работа и кооперативност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон. Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, попреченост, возраст, сексуална определеност, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши само на веб страницата на Цементарница УСЈЕ https://www.usje.mk во делот Кариера/Придружете ни се.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.
Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.